## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | **Предлог на Закон за правда за децата** |
| Одговорно лице и контакт информации: | Тања Кикерекова, Раководител на Сектор за меѓународна правна соработка<br>Моб. тел. 076 40 44 62 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☒НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго: |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Да |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 26 Август 2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Април 2022година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Мај 2022 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

1 Опис на состојбите :

Основна цел на Предлог на Законот е остварување на најдобриот интерес на детето со:

1. Дефинирање на начелото на најдобар интерес на детето во Член 3 од Предлог на Законот;
2. Надоградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето;
3. Транспонирање на директивите на ЕУ[1] што се однесуваат на процедурална заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка и за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал;
4. Воедначување на системот на правна помош спрема дете во сите одредби на Предлог на Законот;
5. Зајакнување на заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка;
6. Внесување процедурални одредби во однос на текот на судската постапка спрема дете и главниот претрес;
7. Зајакнување на механизмите за превенција на детското престапништво на локално и централно ниво, како и институционално, материјално и функционално зајакнување на Државниот совет за превенција на детското престапништво.

1.Со Законот за малолетничка правда донесен во 2009 година се воспостави систем на правда за децата заснован на меѓународните стандарди. Со Законот за правда донесен во 2013 година-кој е следбеник на претходниот закон- се изврши натамошно унапредување на правата на детето.

2.Законот за правда за децата се заснова на одредбите на Конвенцијата за правата на детето и им дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки при примена на мерките и санкциите утврдени со овој закон.

3.Принципите на: најдобар интерес на детето, почитување на ставовите на детето, правото да биде ислушано и право неговиот интерес да биде земен како примарен се соодветни вградени во законот.

---

[1] Директива EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурална заштита на деца кои се осомничени или обвинети во кривична постапка и Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220 / JHA

4.Основна карактеристика на Законот за правда за децата е воведувањето и уредувањето на ресторативна правда односно вонсудските постапки за дејствие на дете што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок. **Постапките на ресторативна правда** се: постапка со примена на мерки на помош и заштита и план со мерки и активности за индивидуална работа со детето и родителот (членови 24-29), постапка на посредување (член 30), примена на мерки за одвраќање (членови 75-78) и медијација (членови 79-85).

5.Согласно индикаторите за примена на Законот за правда за децата кои се анализираат во годишниот извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2019 година се заклучува дека се применуваат најмногу **мерките на помош и заштита** како форма на ресторативна правда. Процентот на децата во ризик кон кои биле применети мерки за помош и заштита во 2019 е за 30 процентни поени повисок во однос на 2018 кога изнесуваше 53% и не се разликува од 2017 кога изнесуваше 83%.

Но според овој извештај се бележи мала или речиси незначителна примена на мерките на одвраќање кои стојат на располагање на јавните обвинители и судиите. Така, во 2019 година:

- Намален е бројот на деца спрема кои Основното Јавно Обвинителство (ОЈО) применил мерки на одвраќање и тоа за разлика од 83 деца во 2018, вакви мерки биле применети спрема 52 деца во 2019 година;
- Постапката за медијација била применувана спрема 4 деца од страна на судот и 11 деца од страна на ОЈО. Медијацијата била успешна кај 7 деца. Ова е мал напредок споредбено со 2017 и 2018 година кога судовите не упатиле ниту едно дете на медијација.

6.Значајна новина со овој закон е уредување на **правото на обештетување на дете жртва.** Согласно став 1 од член 151 од овој закон, се утврдува дека заради **обесштетување на дете** кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, се издвојуваат средства во рамките на буџетот на Министерството за правда. Министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на детско престапништво, донесува годишна програма со која ги планира изворите и начинот на трошење на средствата. Во член 152 се уредени условите и постапката за остварување на правото на обештетување на дете кое е жртва. Министерот за правда согласно одредбите од членовите 151 и 152 на овој закон од 2014 година донесува **Програма за обештетување на дете жртва или оштетен со дејствие кое што со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство**. За оваа програма за 2020 година и 2021 година одвоени се еден милион денари а за 2022година три милиони денари од Буџетот на ова министерство. Од Јануари до Јуни 2021 година донесени се и исплатени 4 решенија за обештетување на дете жртва во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Исплата е извршена во рамки на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2021 година (Службен весник на РСМ бр. 31/21). **Правото на обештетување на дете жртва** не се уредува со Предлог на Законот, бидејќи истото ќе биде предмет на уредување во Предлог на Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство.

7.Согласно овој закон од 2009 година, функционира **Државен совет за превенција на детско престапништво** кој согласно овој закон има 15 члена и донесе Национална стратегија за превенција на детско престапништво.

Секоја година Државниот совет изготвува Годишен извештај за својата работа кој го разгледува Собранието на РСМ, во кој меѓу другото е содржана анализа на степенот на спроведувањето на Законот за правда за децата врз основа на 32 индикатори. Овие индикатори не само што покажуваат како се остваруваат правата на децата во системот на правда за децата туку и овозможуваат креирање на политики и практики за нивно натамошно унапредување.

8. Примената на Законот за правда за децата покажа дека во најголем број случаи субјектите во системот на правда за децата применуваат мерки/санкции кои не вклучуваат лишување од слобода на децата што кореспондира со Законот за правда за деца. Така согласно Годишниот изваштај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2019 година:

- Намален е бројот на деца на кои им биле изречени заводски мерки, од 12 деца во 2018 на 4 деца во 2019 (од кои три во ВПД, едно во воспитна установа);
- Казна затвор за деца е изречена на три деца, сите од машки пол;
- Намален е бројот на деца спрема кои е определена мерката притвор и тоа од 6 деца во 2018 на 4 деца во 2019 година, што претставува пад од 1,45 на 0,98 деца во притвор на популација од 100.000 деца;

9. Донесени се **програми за обука** и сите субјекти во системот на правда за децата редовно посетуваат обуки за примена на овој закон што е во насока на остварување на најдобриот интерес на детето како основна цел на овој закон. Донесени се и упатства за постапување со децата жртви на насилство.

10.Од донесувањето на Законот, во ЕУ беа донесени повеќе директиви за правата на детето во судските постапки поради што се наметна потреба од нивно транспонирање во Законот за правда за децата. Со предложениот Закон за правда за децата се врши хармонизирање на следните директиви:

-Директива EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурална заштита на деца кои се осомничени или обвинети во кривична постапка и

-Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220 / JHA.

11.Исто така, беа донесени две измени и дополнувања на овој закон во 2019 година. Првото изменување и дополнување на Закон за правда за децата (Службен весник на Република Северна Македонија број: 152/19) имаше за цел зајакнување на институционалните капацитети на општините за формирање на општинските совети за превенција на детско престапништво.

Второто изменување и дополнување на Законот за правда за децата (Службен весник на Република Северна Македонија број: 275/2019) имаше за цел негово усогласување со Законот за бесплатна правна помош (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) а заради унапредување на системот на бесплатна правна помош за дете.

Во примената на одредбите за бесплатна правна помош спрема дете беа воочени одредени недоследности. Имено, согласно одредбите на Законот за правда за децата, задолжително е присуство на адвокат во постапување спрема дете во ризик пред центрите за социјална работа. Исто така, задржувањето во Министерството за внатрешни работи не може да се води без присуство на бранител.

Трошоците за адвокатот ги сносат родителите односно старателите на детето, а во случаи кога не се во состојба да ги платат, тие паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија и се исплатуваат согласно со одредбите од Законот за бесплатна правна помош од Буџетот на Министерството за правда на РСМ. Се смета дека родителите односно старателите не се во состојба да ги платат трошоците за адвокат, ако остваруваат вкупни месечни приходи помали од просечната нето месечна плата во Република Северна Македонија, за што треба да достави потврда за вкупните месечни приходи издадена од надлежен орган, односно организација до Центарот најдоцна во рок од пет работни дена од денот на добиеното известување за потребната документација.

Во 2021 година од Буџетот на Министерството за правда исплатени се 467.100,00 денари за пружена бесплатна правна помош спрема дете согласно Законот за бесплатна правна помош.

Во однос на постапката за исплата на награда на адвокат за пружена бесплатна правна помош спрема дете, Законот за правда за децата уредува дека Центарот за социјална работа донесува решение за одобрување на бесплатна правна помош доколку се исполнети условите утврдени во овој закон во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставеното известување до родителите односно старателите.

Согласно одредбите на овој закон, Решението за одобрување на бесплатна правна помош заедно со трошковникот за дадената правна помош бранителот ги доставува до Министерството за правда заради исплата. Вака утврдените законски одредби во пракса влијаеа на одолговлекување на постапката за остварување на правото на дете на бесплатна правна помош.

Поради тоа, во Предлог на Законот се содржани одредби со кои се поедноставува постапката за бесплатна правна помош спрема дете. Се предлага, во случаите кога родителите/старателот не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат бидејќи остваруваат вкупни месечни приходи помали од последната објавена просечна нето плата во Република

Северна Македонија, центарот за социјална работа или Министерството за внатрешни работи поставуваат адвокат на детето.

Во случаите кога родителите/старателот не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат, исплатата на решенијата за пружена правна помош спрема дете се врши од и во рамки на Буџетот на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи.

12. Во **2021 година** за спроведување на одредбите од Законот за правда за децата од Буџетот на Министерството за правда се исплатени средства во висина од **3.412.000,00 денари и тоа**:

- **1.445.000,00 денари:** Согласно Член 157 став 2 и став 4 од Законот за правда за децата, се определува дека средствата за остварување на програмата, како и за работата на Државниот совет, како и месечниот надомест за работењето на членовите на Државниот совет, се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на Министерство за правда;

-**467.100,00 денари** за пружена бесплатна правна помош спрема дете согласно Законот за бесплатна правна помош и

-**1.500.000,00 денари**: Од Јануари до Јуни 2021 година донесени се и исплатени 4 решенија за обештетување на дете жртва во вкупен износ од 1.500.000,00 денари а согласно Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/21).

### 1.2. Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Отстуство на надоградената правна рамка за правата на детето влијае на нецелосно остварување на најдобриот интерес на детето како основен принцип на Конвенцијата на ОН за правата на детето.Тоа воедно ја продлабочува состојбата и со невоедначена примена на одредбите за правна помош спрема дете што влијае во нецелосно остварување на правото на правна помош спрема детето.

Воедно не се остварува најдобриот интерес на детето во однос на процедуралната заштита во судската постапка спрема дете и заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка поради неусогласенот на овие одредби со директивите на ЕУ.

Недоволна е регулативата за механизмите за превенција на детското престапништво на локално и централно ниво, како и институционална, материјална и функционална поставеност на Државниот совет за превенција на детското престапништво.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основна цел на Предлог на Законот е остварување на најдобриот интерес на детето со:

1. Дефинирање на начелото на најдобар интерес на детето во Член 3 од Предлог Законот;
2. Надоградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето;
3. Транспонирање на директивите на ЕУ што се однесуваат на процедурална заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка и за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал;
4. Воедначување на системот на правна помош спрема дете во сите одредби на законот;
5. Зајакнување на заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка;
6. Внесување процедурални одредби во однос на текот на судската постапка спрема дете и главниот претрес;
7. Зајакнување на механизмите за превенција на детското престапништво на локално и централно ниво, како и институционално, материјално и функционално зајакнување на Државниот совет за превенција на детското престапништво.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо“

Доколку остане постојното законско решение, состојбата со констатираните проблеми ќе остане иста:

Не ќе се овозможи целосно остварување на најдобриот интерес на детето како основен принцип на Конвенцијата на ОН за правата на детето. Ќе продолжи невоедначена примена на одредбите за правна помош спрема дете што ќе влијае во нецелосно остварување на правото на правна помош спрема детето.

Воедно не ќе се остварува најдобриот интерес на детето во однос на процедуралната заштита во судската постапка спрема дете и заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка поради неусогласенот на овие одредби со директивите на ЕУ.

Не ќе зајакнат механизмите за превенција на детското престапништво на локално и централно ниво, како и институционалната, материјалната и функционалната поставеност на Државниот совет за превенција на детското престапништво.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Регулаторна мерка:

Да се донесе Предлог на Законот со што ќе се уреди материјата на Дефинирање на начелото на најдобар интерес на детето во Член 3 од Предлог Законот, Надоградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето; Транспонирање на директивите на ЕУ што се однесуваат на процедурална заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка и за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал; Воедначување на системот на правна помош спрема дете во сите одредби на законот; Зајакнување на заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка; Внесување процедурални одредби во однос на текот на судската постапка спрема дете и главниот претрес и Зајакнување на механизмите за превенција на детското престапништво на локално и централно ниво, како и институционално, материјално и функционално зајакнување на Државниот совет за превенција на детското престапништво.

II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка:

- Донесувањето на Предлог на Закон за правда за децата ќе допринесе кон унапредување на правата на детето во РСМ преку остварување на најдобриот интерес на детето. Воедно ќе се исполнат и меѓународно преземените обврски од ратификуваните конвенции за човекови права. Тоа ќе ја спречи виктимизацијата на децата преку одредбите за заштита на деца жртви и сведоци во кривичната постапка, унапредување на социјална инклузија и недискриминација спрема децата во Република Северна Македонија како и превенција на детското престапништво.
- Спроведување на нерегулаторна мерка за јакнење на капацитетите на субјектите во системот за правда за децата:

  -Стручните работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство- членови 34, 86 и 107.

  -Во постапката што се води за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата- член 172.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1 Економски влијанија

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Посредно ограничено позитивно влијание: Надоградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето ќе влијае на состојбите и перцепциите кои се бележат и рангираат од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Северна Македонија, од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди за правата на детето, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како напредок во областа.* | *Нема* |
| *II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Посредно позитивно влијание: Спроведувањето на нерегулаторна мерка за јакнење на капацитетите на субјектите во системот на правда за децата ќе влијае на состојбите и перцепциите кои се бележат и рангираат од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Северна Македонија, од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди за правата на детето, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како напредок во областа.* | *Нема* |

### 4.2 Фискални влијанија

| Мерка | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| I. Регулаторна мерка | Има фискални импликации кои не се поголеми од позитивните ефекти | Нема |
| II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка | Има фискални импликации кои не се поголеми од позитивните ефекти а се однесуваат на средства за :<br><br>-Исплата на пружена правна помош од адвокат за постапување со дете во постапки пред центрите за социјална работа (член 27 од Предлог на Законот) и Министерството за внатрешни работи (член 125 од Предлог на Законот), кога родителите/старателот не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат;<br><br>-Програма за обештетување на дете жртва или оштетен со дејствие кое што со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2022 година и донесување на решенија за обештетување на дете жртва за постапки кои ќе бидат започнати до денот на влегување во сила на овој закон, согласно член 188 од Предлог на Законот и<br><br>-Надоместок на 15 члена на Државниот совет за превенција на детско престапништво вклучително и надоместок за патни трошоци за тие кои се надвор од Скопје, Претседателот на Државниот совет во висина од 30 проценти а техничкиот секретар надомест во висина од 5 проценти од просечната бруто плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, средства за остварување на програмата и за работата на Државниот совет, согласно член 180 од Предлог на Законот. | |

| | | |
|---|---|---|
| | *Јакнење на капацитетите на субјектите во системот за правда за децата:*<br>*-стручни работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство и*<br><br>*-во постапката што се води за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата, ќе се спроведат со странски донации.* | |

### 4.3 Социјални влијанија

| Мерка | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| I. Регулаторна мерка | Посредно ограничено позитивно влијание: Надградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето ќе предизвика подобрување на состојбите во работната и социјалната сфера преку унапредување на почитувањето на меѓународните стандарди за правата на детето за нивна недискриминиција и социјална вклученост, | Нема |
| II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка | Посредно позитивно влијание: Надградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето како и спроведувањето на нерегулаторна мерка за јакнење на капацитетите на субјектите во системот за правда за децата до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите во работната и социјалната сфера. | Нема |

### 4.4 Влијанија врз животната средина

| Мерка | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| I. Регулаторна мерка | Посредно ограничено позитивно влијание: Јакнење на капацитетите на субјектите во системот за правда за децата до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите со животната средина. | Нема |
| II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка | Посредно позитивно влијание: Надградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето како и спроведувањето на нерегулаторна мерка за јакнење на капацитетите на субјектите во системот за правда за децата до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите во работната и социјалната сфера ќе предизвика подобрување на состојбите со животната средина. | Нема |

## *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

а) трошоци за спроведување

Се предвидуваат трошоци во следен износ:

-100.000,00 денари се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на **Министерство за труд и социјална политика** и

-250.000,00 денари се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на **Министерство за внатрешни работи**. Овие средства се предвидуваат за исплата на пружена правна помош од адвокат за постапување со дете во постапки пред центрите за социјална работа (член 27) и Министерството за внатрешни работи (член 125), кога родителите/старателот не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат;

-3.000.000,00 денари се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на **Министерството за правда**. Овие средства се предвидуваат во Програмата за обештетување на дете жртва или оштетен со дејствие кое што со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2022 година и донесување на решенија за обештетување на дете жртва за постапки кои ќе бидат започнати до денот на влегување во сила на овој закон а согласно член 188 од Предлог на Законот,

-1.800.000,00 денари се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на **Министерството за правда**. Овие средства се предвидуваат за надоместок на 15 члена на Државниот совет за превенција на детско престапништво, Претседателот на Државниот совет во висина од 30 проценти а техничкиот секретар надомест во висина од 5 проценти од просечната бруто плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, средства за остварување на програмата и за работата на Државниот совет согласно член 180 од Предлог на Законот и

-600.000,00 денари се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на **Министерството за правда.** Согласно член 180 став 3 од Законот за правда за децата, се определува дека членовите на Државниот совет за превенција на малолетничко претстапништво кои се од внатрешноста на Република Северна Македонија, односно надвор од градот Скопје имаат право на соодветен надоместок на патните трошоци и

Јакнење на капацитетите на субјектите во системот за правда за децата:

-стручни работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство и

-во постапката што се води за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата, ќе се спроведат со странски донации.

б)трошоци за почитување на регулативата:

Јакнење на капацитетите на субјектите во системот за правда за децата: стручни работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство. Во постапката што се води за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата, ќе се спроведат со странски донации.

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Побарано е мислење во однос на Предлог на Законот од членовите на Работната група и тоа преставници на: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, ЈУ Завод за социјални дејности, Основно јавно обвинителство, Државен совет за превенција на детско престапништво, Адвокатска комора на РСМ, Меѓаши, Македонско здружение на млади правници и Центар за социјална работа Скопје. Министерството за правда претседаваше со Работната група.

### 5.2. Преглед на добиените и вградените мислења

/

### 5.3 . Мислењата кои не биле земени предвид мислењето:

/

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

I. Регулаторна мерка:

- Посредно ограничено позитивно економско и социјално влијание, како и посредно ограничено позитивно влијание врз животната средина. Предизвикува фискални влијанија кои произлегуваат од средства опишани во точка 4.5 за:
- Исплата на пружена правна помош од адвокат за постапување со дете во постапки пред центрите за социјална работа (член 27 од Предлог на Законот) и Министерството за внатрешни работи (член 125 од Предлог на Законот), кога родителите/старателот не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат;
- Програмата за обештетување на дете жртва или оштетен со дејствие кое што со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2022 година и донесување на решенија за обештетување на дете жртва за постапки кои ќе бидат започнати до денот на влегување во сила на овој закон, согласно член 188 од Предлог на Законот и
- Надоместок на 15 члена на Државниот совет за превенција на детско престапништво вклучително и надоместок за патни трошоци за тие кои се надвор од Скопје, Претседателот на Државниот совет во висина од 30 проценти а техничкиот секретар надомест во висина од 5 проценти од просечната бруто плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, средства за остварување на програмата и за работата на Државниот совет, согласно член 180 од Предлог на Законот.

Негативното влијание: Нема.

II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка

Посредно ограничено позитивно економско и социјално влијание, како и посредно ограничено позитивно влијание врз животната средина.

Предизвикува фискални влијанија кои произлегуваат од средства опишани во точка 4.5 за:

- Исплата на пружена правна помош од адвокат за постапување со дете во постапки пред центрите за социјална работа (член 27 од Предлог на Законот) и Министерството за внатрешни работи (член 125 од Предлог на Законот), кога родителите/старателот не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат;

- Програмата за обештетување на дете жртва или оштетен со дејствие кое што со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2022 година и донесување на решенија за обештетување за постапки кои ќе бидат започнати до денот на влегување во сила на овој закон, согласно член 188 од Предлог на Законот и
- Надоместок на 15 члена на Државниот совет за превенција на детско престапништво вклучително и надоместок за патни трошоци за тие кои се надвор од Скопје, Претседателот на Државниот совет во висина од 30 проценти а техничкиот секретар надомест во висина од 5 проценти од просечната бруто плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, средства за остварување на програмата и за работата на Државниот совет, согласно член 180 од Предлог на Законот.

  Негативното влијание: Нема.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

I. Регулаторна мерка

Ризик: Има: Доколку не се спроведува специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство на субјектите во системот на правда за децата: стручни работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство. Во постапката што се води за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата, ќе се спроведат со странски донации.

II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка

Ризик: Има:

Постои ризик да не се спроведуваат одредбите на Законот доколку надлежните инстутуции не алоцираат буџетски средства за спроведување на овој закон. Исто така постои ризик ако не се спроведува специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство на субјектите во системот на правда за децата: стручни работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство, со странски донации.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Се препорачува следното решение:

II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка:

- Донесување на Предлог на Закон правда за децата;
- Алоцирање буџетски средства за спроведување на овој закон.
- Спроведување специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство на субјектите во системот на правда за децата: стручни работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство. Во постапката што се води за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата, ќе се спроведат со странски донации.

Образложение:

- Препорачаното решение има посредно позитивно економско и социјално влијание, како и посредно позитивно влијание врз животната средина. Предизвикува фискални влијанија кои произлегуваат од средства опишани во точка 4.5 за:
- Исплата на пружена правна помош од адвокат за постапување со дете во постапки пред центрите за социјална работа (член 27 од Предлог на Законот) и Министерството за внатрешни работи (член 125 од Предлог на Законот), кога родителите/старателот не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат;
- Програмата за обештетување на дете жртва или оштетен со дејствие кое што со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2022 година и донесување на решенија за обештетување на дете жртва за постапки кои ќе бидат започнати до денот на влегување во сила на овој закон, согласно член 188 од Предлог на Законот и
- Надоместок на 15 члена на Државниот совет за превенција на детско престапништво вклучително и надоместок за патни трошоци за тие кои се надвор од Скопје, Претседателот на Државниот совет во висина од 30 проценти а техничкиот секретар надомест во висина од 5 проценти од просечната бруто плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, средства за остварување на програмата и за работата на Државниот совет, согласно член 180 од Предлог на Законот.

Негативното влијание: Нема.

Нема ризик.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области.

/

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување:

Подзаконски акти за:

-Формата и содржината на регистарот за примени известувања за деца во ризик и за деца во судир со законот, како и начинот за неговото водењ, ги пропишува со подзаконски акт Министерот за труд и социјална политика:Член 26 став 7;

-Стандардите за уредување на посебните простории ги пропишува Министерот за труд и социјална политика :Член 27 став 2 и

-Формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот за примена на мерките на помош и заштита ги пропишува Министерот за труд и социјална политика: Член 33 став 2.

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување:

Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, центри за социјална политика, ЈУ Завод за социјални дејности, Министерство за внатрешни работи, судови, јавни обвинителства и адвокати.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

- Донесување на подзаконски акти наведени во Точка 7.2. од овој извештај и
- Спроведување специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство на субјектите во системот на правда за децата: стручни работници во центрите за социјална работа, судии, јавни обвинители, адвокати и медијатори со присуство на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство.

- Во постапката што се води за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата, ќе се спроведат со странски донации.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето :

Државниот совет за превенција на детско престапништво од 2014 година користи листа од 32 индикатори за следење на имплементација на Законот за правда за децата и на состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Државниот совет за превенција на детско престапништво од 2014 година користи листа од 32 индикатори за следење на имплементација на Законот за правда за децата и на состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија. Податоците ги собира од 78 институции во системот на правда за децата. Овие податоци ДС ги објавува во своите годишни извештаи за работа.

Добиените податоци преку индикаторите, статистички се обработуваат од страна на ангажиран професионалец - статистичар, направена е квантитативна и квалитативна анализа и истите се прикажуваат во 29 табели и 15 графикони. Се прави компарација како по години, така и по институции. Добиените податоци се споредуваат на 100.000 популација на деца во Република Северна Македонија, која е универзална меѓународна единица за можна споредба со други земји.

Врз основа на анализата се изведуваат заклучоци во однос на:

- ✓ Состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија во тек на годината, односно состојбата со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци;
- ✓ Состојбата со децата жртви на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и децата сведоци како и постапување, грижа и заштита од страна на институциите;
- ✓ Прикажување на трендови и тенденции на пораст или на намалување споредбено со предходни години;
- ✓ Ефикасноста и ефективноста на институциите во спроведување на Законот за правда за децата, примена на мерките за помош и заштита, на воспитните и алтернативните мерки и примена на санкции;
- ✓ Подготвеноста на институциите за собирање на релевантни податоци и користењето на нивните електронски програми за бележење и собирање на податоци за деца.

**Изјава од министерот**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 31 **.03.2022г.**

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Никола Тупанчески

**Изготвила: Тања Кикерекова, Раководител на Сектор**